# ЗАПИСНИК

од седницата на Собрание на Карате федерацијата на Македонија,
одржано на 6 јуни 2009 година

Седницата се одржа во просториите на Општина Велес (сала за состаноци) на 06.06.2009 (сабота) со почеток во 10,00 часот.

Претседателот на КФМ Драган Стојановски ги поздрави присутните преставниците на клубовите членки на КФМ и го предложи, што беше прифатено од присутните делегати, следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разрешување и избор на членови на Извршниот одбор на Карате федерацијата на Македонија.

Претседателот на КФМ, Драган Стојановски, предложи работните тела на Собранието (верификациона комисија, записничар и оверувачи на записникот) да бидат во ист состав како на Изборното Собрание одржано на 29.03.2008 година.

Едногласно се усвоени следните предлози:

Верификациона комисија: Бошко Заборски, Драган Грдановски, Атанас Филиповски и Јованче Јовановски.

Записничар: Ивана Аврамова.

Оверувачи на записникот: Шефи Речи и Коста Николовски.

По проверка на полномошната од присутните делегати Верификационата комисија поднесе извештај, според кој од 62 клубови со право на глас присутни се 49 клубови и консатира дека Собранието може полноважно да работи и одлучува.

**Точка 1**

Претседателот Драган Стојановски ги информираше присутните делегати дека е во план да свикува Собрание на секои 4 месеци во годината.

Претседателот на Федерацијата Драган Стојановски даде свое видување за спроведените активности според веќе дадената програма. Карате академијата која се организира за стручно усовршување на тренерите е веќе во тек и посетена од голем број на тренери. Тој изрази благодарност кон координаторот на карате академијата, проф. д-р Александар Туфекџиевски. Во натпреварувачкиот дел ќе се организираат два турнира за деца и два изборни турнира за кадети и јуниори. Натпреварувач кој што ќе освои медал на Балканско првенство ќе учествува и на Светското првенство во Мароко. Дел од планираната програма е организација на летен карате камп за кадети и јуниори во кој учество ќе земат 50 натпреварувачи и 10 тренери. Исто така, кадетско-јуниорската репрезентација ( 5 кадети и 5 јуниори во кумите и 4 натпреварувачи во кати) ќе учествува на Светскиот карате камп, кој ќе се одржи од 06 до 11 јули 2009 година во Грција.

Во делот на комуникација со клубовите покрај материјалите за седницата ќе се испраќа и записникот од седниците на ИО вклучувајќи ги и имињата и презимињата на членовите на ИО кои бидат задолжени за реализација на одредена активност.

Претседателот на Федерацијата, Драган Стојановски, предложи да се разрешат членовите: Томе Чемерски, Мирослав Вујиќ и Џавид Мехмети. За нови членови ги предлага: проф. д-р Александар Туфекџиевски, Алим Хајредини и Ѓоре Дервишев.

Џељал Љата ги поздрави присутните гости и г-дин. Јорго Огненовски. Тој се согласува да се променат членовите на ИО и да се вклучат нови личности, но треба да се даде образложение зошто се менуваат и даде објаснување зошто се предлагаат одредени личности да бидат членови на Извршниот одбор.

Селекторот за кумите Бошко Заборски, истакна дека основна задача на ИО е да наоѓа средства за реализација на програмата на КФМ. Тој смета дека треба да му се даде подршка на претседателот на Федерацијата Драган Стојановски.

Претседателот на Федерацијата истакна дека разрешувањето и изборот на нови членови на ИО се базира на присутност на тренерски семинари, состаноци на ИО, натпревари, резултати во досегашното работење.

Подршка на предлогот на претседателот изразија и Димче Кичевски, Даут Билибани и Мирче Јанушевски.

Бесник Мурати што се однесува до разрешувањето и изборот на нови членови на ИО, смета дека претседателот треба да го бира тимот со кој што работи, но промената може требала да биде на претходното собрание кое се одржа на 21.02.2009 година. Тој смета дека претходинот ИО во кој бил член и тој 99% ги има извршено своите задачи. Во врска со карате кампот во Струга го подржува излагањето на Џељал Љата.

По дискусиите Собранието со еден глас воздржан донесе одлука да ги разреши досегашните членови на Извршниот одбор, Томе Чемерски, Мирослав Вујиќ и Џавид Мехмети, а на нивно место се избрани проф.д-р Александар Туфекчиевски, м-р Алим Хајредини и Ѓоре Дервишев.

Седницата заврши во 11,30 часот.

Оверувачи на записникот:

1. Шефи Речи
2. Коста Николовски

Записничар,

Ивана Аврамова